**1. Нашиот Систем за пријавување на неправилности (Whistleblower system)**

**2. Дали имате некаква загриженост или повратни информации во врска со производ или услуга на ПОРШЕ ФИНАНСИСКА ГРУПА?**

**3. Поднесување извештај до нашиот Систем за пријавување на неправилности (Whistleblower system)**

- Телефонска линија 24/7
- Канал за известување преку интернет
- Народните правобранители на Volkswagen Групацијата
- Електронска адреса
- Поштенска адреса / лично

**4. Дали имате прашања?**



## 1. Нашиот Систем за пријавување на неправилности (Whistleblower system)

Усогласеноста со законските прописи и внатрешните правила, како и принципите утврдени во нашиот Кодекс на однесување и Кодексот на однесување за деловните партнери, има врвен приоритет во ПОРШЕ ФИНАНСИСКА ГРУПА. Успехот на нашата компанија се заснова на интегритет и усогласеност. За да се исполнат овие стандарди, важно е да го утврдите потенцијално несоодветното однесување на вработен или добавувач и да се стави крај на тоа. Затоа, и довеpивме на Централната канцеларија за истраги да управува со независен, непристрасен и доверлив Систем за пријавување на неправилности (Whistleblower system) во наше име.

Клучен столб на нашиот Систем за пријавување на неправилности (Whistleblower system) е начелото на процедурална правичност. Системот исто така гарантира најголема можна заштита за укажувачите, засегнатите лица и вработените кои придонесуваат во истрагата за пријавеното недолично однесување.

Ова исто така вклучува нудење можности за анонимно известување и комуникација. Уверуваме дека нема да правиме никакви чекори со цел да се идентификуваат анонимни укажувачи, кои не го злоупотребуваат нашиот Систем за пријавување на неправилности (Whistleblower system). Одмаздата на укажувачите и на сите лица кои придонесуваат во истрагите во ПОРШЕ ФИНАНСИСКА ГРУПА нема да се толерираат. Инволвираните лица се сметаат за невини додека не се докаже вината. Истрагите ќе се

водат со најголема доверливост. Информациите ќе бидат обработени во фер, брз и заштитен процес.

**Како ги обработуваме Вашите пријави (известувања)?**

Квалификуваните и искусни колеги во Канцеларијата за истраги темелно ја испитуваат секоја пријава (известување) за потенцијално недолично однесување на вработен во групацијата Volkswagen и систематски ја следат. Прво, ќе добиете потврда за прием. Потоа, Истражната канцеларија ја оценува Вашата пријава (известување). Ова вклучува собирање факти особено од укажувачот. Само доколку оваа првична оценка покаже основи за сомневање за прекршување, ќе започне истрага од страна на наменски доделената Истражна единица. Потоа, резултатите од истрагата ќе бидат оценувани од Истражната канцеларија и ќе бидат препорачани соодветни мерки. Информациите за статусот* и резултатот од постапката ќе Ви бидат дадени без непотребно одлагање.

Потенцијалните прекршувања на Кодексот на однесување на деловните партнери од страна на добавувачите, вклучувајќи сериозни ризици и прекршувања на човековите права и животната средина од директни и индиректни добавувачи, исто така, може да се пријават до Канцеларијата за истраги - како и пријави (известувања) за кои на друг начин е потребно итно постапување. Канцеларијата за истраги ќе ги извести одговорните сектори кои соодветно ќе го обработат проблемот. Ова особено вклучува преземање на неопходните мерки за минимизирање или прекинување на прекршувањата и/или ризиците.

** Времето на обработка варира во зависност од предметот на постапката*

Овде ќе најдете повеќе информации за процедуралните принципи на нашиот систем за пријавување https://www.volkswagenag.com/presence/konzern/compliance-und-risikomanagement/compliance/Volkswagen_Group_Complaints_Procedure.pdf

## 2. Дали имате некаква загриженост или повратни информации во врска со производите или услугите на ПОРШЕ ФИНАНСИСКА ГРУПА?

Ако имате било какви прашања или потреба од дополнително испитување во врска со услугата за Вашето ново или користено возило; повратни информации или поплаки за добиените услугите од ПОРШЕ ФИНАНСИСКА ГРУПА Ве молиме контактирајте не преку електронската пошта info@porscheleasing.com.mk. Љубезно Ве молиме за разбирање дека Системот за пријавување на неправилности (Whistleblower system), за жал, не може да ги обработи поплаките на клиентите.

## 3. Поднесување пријава (известување) преку нашиот Систем за пријавување на неправилности (Whistleblower system)

Системот за пријавување на неправилности (Whistleblower system) нуди различни канали за пријавување на потенцијално недолично однесување на вработените што овозможува брз увид и реакција од нашата компанија доколку е потребно.

**Телефонска линија 24/7**

Можете да направите извештај во 365 дена, 24 часа, користејќи го меѓународниот бесплатен број: **+800 444 46300*.**

Ако вашиот локален телефонски оператор не ја поддржува бесплатната услуга, можете да се јавите на следниот број што се наплатува:
**+49 5361 946300.**

- *Во зависност од земјата од која се јавувате, можно е меѓународната бесплатна телефонска линија да не е достапна бидејќи некои оператори на телефонски мрежи не ја поддржуваат услугата. Ако е така, ве молиме користете го понудениот број за наплата или специфичниот број на вашата земја.*

| **Земја** | **Бесплатна телефонска линија** | **Локален број** |
|---|---|---|
| **Бразил** | 0800-5912743 | 021-23911381 |
| **Мексико** | 001-800-4610242 | 0155-71000355 |
| **Република Словачка** | 0800-002576 | 02-33325602 |
| **САД** | 833-6571574 | 908-2198092 |
| **Јужна Африка** | 0800-994983 | 021-1003533 |
| **Малезија** | 1-800-819523 | 0154-600099 |
| **Аргентина** | 0800-6662992 | 011-52528632 |
| **Германија** | 0800 444 46300 | 05361-946300 |

## • Канал за известување преку интернет

Имате можност да користите платформа за веб-комуникација, преку следниот линк https://www.bkms-system.com/bkwebanon/report/clientInfo?cin=22vwgroup16&c=mk&language=eng за да ја контактирате Канцеларијата за истраги на многу јазици. Овој систем е доверлив и технички обезбеден.

Дури и ако вашиот претпочитан јазик не е понуден во каналот за известување, можете да користите кој било јазик за да ја поднесете вашата пријава (известување). Можете исто така да контактирате со Канцеларијата за истраги на кој било јазик преку е-пошта или редовна пошта.

## • Народни правобранители

ПОРШЕ ФИНАНСИСКА ГРУПА назначи надворешни Адвокати да дејствуваат како Народни правобранители. Тие советуваат за Системот за пријавување на неправилности (Whistleblower system) или гарантираат дека пријавите (известувањата) од укажувачите се проследуваат анонимно до Канцеларијата за истраги, доколку го побарате тоа.

Доколку сакате да стапите во контакт со Народен правобранител, можете да ги најдете деталите за контакт на следниот линк: http://www.ombudsmen-of-volkswagen.com/

## • Електронска пошта - e-mail

Можете да стапите во контакт со Канцеларијата за истраги на Порше Холдинг Салзбург преку е-пошта: office@porsche.de

## • Поштенска адреса /лично

### Централна канцеларија за истраги

**Поштенска адреса:**

Central Investigation Office

Box 1717

38436 Wolfsburg Germany

**Лично:**

Ве молиме закажете состанок однапред, пишувајќи е-пошта до io@volkswagen.de.

### Dr. Ing. h.c. F. Porsche AG

**Поштенска адреса:**

GR - Legal and Compliance
Whistleblower Office
Porscheplatz 1
70435 Stuttgart, Germany

### Порше лизинг дооел Скопје/ Порше брокер АД

**Поштенска адреса:**

Босна и Херцеговина
1000 Скопје

## 4. Да ли имате прашања

Прашања или предлози за подобрување во врска со Системот за пријавување на неправилности (Whistleblower system) може да се упатат и до Канцеларијата за истраги.

**Понатаму, за сите прашања поврзани со Системот за пријавување на неправилности (Whistleblower system) можете да се обратите до нашиот локален Офицер за усогласеност преку е-пошта** jelena.kolovic@porscheleasing.rs.